


***Онаму каде што реката Брегалница навлегува во Малешевската Котлина на самото нејзино грло од двете страни е распространет градот Берово. Со оглед на големата надморска височина од над 800 метри, таму владее умерено континентална клима која на некои места се модифицира и преминува во планинско-континентална, а се карактеризира со студени зими и свежи лета. Берово е град со највисока концентрација на кислород на Балканот.***

Средната годишна температура во општината е 11,1˚С, но е и град со најмногу сончеви денови во текот на годината во Република Македонија, со просечен износ од 6,4 сончеви часови дневно. Оваа компаративна предност во последниот период интензивно се користи за вградување на сончеви колектори во јавните институции и индивидуалните куќи, поради зголемување на енергетската ефикасност.

Најзастапени сектори во економскиот развој се текстилната и дрвната индустрија, како и земјоделството и сточарството, во кои е детектиран голем неискористен потенцијал. Од услужните дејности засилен подем се забележува во туристичкиот сектор, кој со темпото на развој и инвестиции кое го наметнува, во блиска иднина може да стане главна економска гранка.

Градот Берово претставува економски, културен и образовен центар за целата Општина. Во зградата на општината покрај службите од локалната самоуправа, сместени се и подрачните единици од министерствата на Република Македонија. На чело на Општината Берово е  почитуваниот градоначалник господинот Драги Наџински, кој, заедно со сите вработени се грижи за сегашноста и иднината на Малеш.

Интересно е дека во Берово и целиот малешевскиот регион сѐ уште љубоморно се чуваат, негуваат и практикуваат традиционалните занаети: копаничарството, кујунџиството и папучарството. Дрвото е материјал со неограничени можности. Во Малешевијата може да се види како се изработуваат секаков вид икони во византиска техника, комплетна иконографија, фрескопис и иконостаси од дрво.




THNO SQUARE FESTIVAL
ЕТНО
ПЛОШТАД ФЕСТИВАЛ

[illegible]



**Пишува: СЛАВЕ КАТИН**